156

28.VII.65

# НЕ САМО ЕКСПОНИРАЊЕ НА ПОДАРОЦИТЕ

## Средба со авторите на делата изложени од Музејот за современа уметност

Музејот за современа уметност во Скопје вчера претпладне организира средба со учесниците на изложбата „Подарени дела — 26 јули 1963 — 26 јули 1965". На разговорот учествуваа и уметниците **Марио Пенелопе, Денис Добен, Кенет Смит, Ги Велен**, ликовен рецензент на „Летр франсез" македонски уметници и уметници од другите ликовни центри на Југославија, како и потпретседателот на Градското собрание Љупчо Ставрев.

Разговорот го започна Ги Велен со прашањето како се третира музејот, што се превзело и што е во план да се стори за неговото проширување и афирмирање.

— Создавањето на Музејот ние го цениме како вонреден настан, — рече Љупчо Ставрев. Вонредниот одзив да се даде подарок — уметничко дело на Музејот го сметавме како гест со кој ни се помогна, а и како нашата обврска во смисла да создадеме една нова активност, а не музејот да биде само просторија каде ќе се експонира подареното.

Нашите конкретни чекори веќе се гледаат: поканата дарителите на музејски експонати да бидат овде во овие дни, што инаку ќе премине во традиција, потоа: отворањето на Собранието на СРМ за нашата ликовна актива и публиката и издавањето годишник. Во меѓувреме, работиме на проект за зградата на Музејот, што ќе биде готов до јануари 1966 година.

**Марио Пенелопе** зборувајќи за ефектот од првата вест за формирање на Музејот рече дека италијанските уметници направиле збирка на дела што опфаќа 150 меѓу најзначајните автори уметници од Италија. на повикот да подарат дело сите одговориле без да бидат поттикнувани.

Пенелопе изрази желба дека Музејот ќе може да прикажува квалитетни дела на уметници од целиот свет. Принцитот — Музејот да биде центар за култура — е мошне значајна функција што ја има во запознавањето на уметноста. Сакам да ги убедам раководителите на градот Скопје и Музејот, рече тој, дека можат да сметаат на соработка со Националното здружение на уметниците на Италија и со италијанскиот Комитет за уметност при УНЕСКО. Идната година во Италија ќе има изложба на италијанската уметност, па сум овластен, од овој момент, изложбата да ја ставам на располагање и на Скопје.

**И Бовен** изрази надеж дека оваа соработка ќе продолжи да се одржува. На прашањето: дали современата македонска и југословенска уметност би можела да ја заинтересира ликовната публика на Британија, Бовен рече:

— Пред да дојдам во Југославија ги имав предвид имињата на југословенските уметници, не се сомневам во квалитетот на нивната уметност и мислам дека ќе бидат добро примени во мојата земја.

Глигор Чемерски се интересираше дали Музејот ќе учествува во естетското оформување на градот.

— Тоа е мошне одговорна и тешка задача. Музејот може да се вклучи во она што е изложба и во култивирање на естетскиот вкус. Во активноста на Музејот се предвидува, рече директорот на Музејот Боро Петкоски, прикажување филмови со дебати, а и читање поезија.

**О. Сп.**